ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД СКОПЈЕ, во совет составен од судиите: Гордана Сајковска претседател на советот, Лидија Чачева и Влатко Самарџиски членови на советот, со записничар Стефанија Чапкуноска виш судски соработник, решавајќи по Жалбите на обвинетите: Друштво за производство, трговија и услуги МАРЈАН КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз од В. како правно лице и Марјанчо Бошковски од В. како одговорно лице, изјавени преку бранителот Борче Стојанов адвокат од В., против Пресудата на Основниот суд В. ПРК-О.119/15 од 18.10.2016 година, на нејавната седница одржана на 06.02.2019 година, согласно чл.434 од ЗКП в.в. со чл.2 ст.2 од ЗП, донесе

П Р Е С У Д А

ЖАЛБИТЕ на обвинетите: Друштво за производство, трговија и услуги МАРЈАН КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз од В. како правно лице и Марјанчо Бошковски од В. како одговорно лице, изјавени преку бранителот Борче Стојанов адвокат од В., СЕ ОДБИВААТ КАКО НЕОСНОВАНИ.

ПРЕСУДАТА на Основниот суд В. ПРК-О.119/15 од 18.10.2016 година, СЕ ПОТВРДУВА.

Согласно чл.126 в.в. со чл.122 ст.1 т.6 и чл.123 ст.1 од Законот за прекршоците, обвинетите СЕ ЗАДОЛЖУВААТ да платат паушал и тоа, правното лице износ од 3.000,00 денари и одговорното лице износ износ од 2.000,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, назив на примач: Апелационен суд Скопје-сопствени приходи, Банка на примачот: НБРСМ, трансакциска сметка: 100000000063095, сметка на корисник: 2901000612 631 17, приходна шифра: 725939, програма: 20, цел на дознака: трошоци за прекршочна постапка задолжително со повикување на ПРКЖ-231/17.

По извршените уплати, примероци од уплатниците да се достават во Апелационен суд Скопје, во спротивно наплатите ќе се извршат присилно.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Велес со обжалената пресуда, обвинетите: Друштво за производство, трговија и услуги МАРЈАН КОМПАНИ ДООЕЛ увоз-извоз од В. како правно лице и Марјанчо Бошковски од В. како одговорно лице, ги огласил виновни за прекршок по чл.245 ст.1 т.25 и ст.2 в.в. со чл.142 од Законот за водите, за кој им изрекол прекршочни санкции глоби, на правното лице во износ од 5500 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во износ од 1000 евра во

денарска противвредност, глобите сметано според средниот курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на пресудувањето. Судот плаќањето на глобите ги одложил за период од 6 (шест) месеци од правосилноста на пресудата под услов обвинетите во тој период да не сторат нов прекршок, а доколку во периодот од 6 (шест) месеци од правосилноста на пресудата биде донесена правосилна одлука за нов или за порано сторен прекршок, изречените глоби ќе се извршат зголемени за 20 (дваесет) проценти, а доколку обвинетите не ги платат глобите и по добиената опомена, ќе се пристапи кон присилно извршување во согласност со чл.121 ст.2 од Законот за прекршоците.

Судот, согласно чл.123 ст.1 в.в. со чл.122 ст.1 т.6 од Законот за прекршоците, ги задолжил обвинетите секој од нив посебно да платат на име паушални трошоци на прекршочната постапка износ од по 5.000,00 денари, во рок од 15 дена по правосилноста на пресудата.

Против пресудата на Основниот суд Велес обвинетите преку бранителот Борче Стојанов адвокат од В. вложиле две навремени жалби со иста содржина, со кои ја обжалуваат пресудата поради, суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со предлог жалбите да се уважат, а првостепената пресуда да се укине и предметот да се врати на повторно судење, или обвинетите да бидат ослободени од одговорност.

Одговор на жалбите не е доставен.

Апелациониот суд Скопје, постапувајќи по жалбите, откако ги разгледа списите приложени кон предметот, обжалената пресуда и ценејќи ги жалбените наводи, утврди:

Жалбите се неосновани.

Советот на овој суд го ценеше жалбениот навод за сторена суштествена повреда на одредбите на постапката од чл.415 ст.1 т.11 од Законот за кривичната постапка, но не го прифати како основан, бидејќи обжалената пресуда е јасна, разбирлива и може во целост да се испита.

Неосновани се жалбените наводи за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. По оценка на советот на овој суд, од писмените и усмените докази изведени во доказна постапка на претрес, првостепениот суд правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба кога нашол дека обвинетите во време, место и на начин опишани во изреката на обжалената пресуда го сториле прекршокот за кој се огласени за виновни. Имено, обвинетите на 16.04.2015 година во општина Чашка во атар на селото Поменово и во атар на селото Степанци, во речното корито на реката Изворчица и во речното корито на реката Поминовка, постапувајќи спротивно на член 142 од Законот за водите, без да имаат дозвола која би им била издадена од Министерот кој раководи со органот

на државната управа кој е надлежен за работите од областа на животната средина, дозволиле вадење на песок, чакал и камен од речните корита на реките Изворчица и Поминовка, што било утврдено при вонреден инспекциски надзор кој на 16.04.2015 година во периодот од 08,30 часот до 18,30 часот бил спроведен од Главниот инспектор за заштита на води при Државниот инспекторат за животна средина С..

Советот на овој суд ги ценеше жалбените наводи дека првостепениот суд погрешно ја утврдил фактичката состојба, дека во конкретниот случај обвинетите не го сториле прекршокот и се огласени виновни за дејствија кои воопшто не ги превзеле, како и дека судот не ја ценел одбраната на обвинетите, меѓутоа ваквите жалбени наводи не ги прифати како основани. Ова од причина што, од писмените и усмените докази, пооделно наведени во образложението на обжалената пресуда и тоа од оние на кои судот поклонил доверба, меѓу кои Записникот од извршен инспекциски надзор сочинет и потпишан од Главниот инспектор за заштита на води Лидија Зафировска која на критичниот датум, време и место го извршила вонредниот инспекциски надзор и го констатирала прекршокот, а кој записник обвинетото одговорно лице одбило да го потпише без да ги наведе причините, како и од нејзиниот изказ односно од исказот на главниот инспектор за заштита на води Лидија Зафировска даден во својство на сведок на одржаниот претрес на 11.02.2016 година, првостепениот суд правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба по предметот. Имено, сведокот главниот инспектор за заштита на води Лидија Зафировска во својот исказ меѓу другото, навел дека на критичниот датум, време и место од надзорот што го извршила, на лице место затекнала машини што работеле, дека на местото биле присутни лица кои на нејзино прашање одговориле дека работат за обвинетото правно лице, дека од тие присутни лица било побарано да се легитимираат што истите одбиле да го сторат, по што таа го известила Инспекторскиот Совет во Град С., укажувајќи за состојбата што ја затекнала на лице место на терен, па и било кажано дека ќе бидат испратени инспектори од Државниот технички инспекторат со цел да се утврди дали обвинетите постапувале согласно со евентуално издадена концесија, па кога пристигнале инспекторите од Државниот технички инспекторат и превземале службени дејствија во рамките на своите овластувања составиле службена документација и при тоа утврдиле дека од страна на обвинетото правно лице се вршело ископ на камења од речните корита на реките Изворчица и Поминовка, без притоа правното лице да има соодветни документи за дејствијата што ги вршело кога било затекнато на лице место, па кога се завршило со инспекцискиот надзор на самиот терен овластените службени лица заминале во канцеларијата на обвинетото правно лице, каде од страна на обвинетото одговорно лице биле покажани на увид документи, но со оглед да тие не биле предмет на интерес на инспекциски надзор, главниот инспектор за заштита на води Лидија Зафировска во записникот кој го сочинила го задолжила обвинетото одговорно лице во рок од 2 (два) дена да ја достави целокупната документација која ја поседува во врска со предметните дејствија во кои биле затекнати на лице мест кога истите ги извршувале, но обвинетите воопшто не постапиле по тие задолженија, односно не ја доставиле побараната документација.

Судот, со тоа што утврдил дека во дејствијата на обвинетите се содржани обележјата на прекршокот за кој се теретат и за кој ги огласил за виновни, а откако предходно ја проверил нивната одбрана со која го негираат сторувањето на прекршокот, истата правилно не ја прифатил, а како спротивна на изведените докази и тоа на оние на кои судот основано поклонил доверба и од кои ги утврдил решавачките факти по предметот и постоењето на прекршокот и прекршочната одговорност на обвинетите.

Врз правилно и целосно утврдена фактичка состојба, првостепениот суд правилно го применил и материјалното право кога нашол дека во дејствијата на обвинетото правно лице и обвинетото одговорно лице се содржани обележјата на прекршокот по чл.245 ст.1 т.25 и ст.2 в.в. со чл.142 од Законот за водите, за кој основано ги огласил за виновни.

Првостепениот суд на обвинетите за стореният прекршок им изрекол прекршочни санкции глоби, на правното лице во износ од 5500 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во износ од 1000 евра во денарска противвредност, чие плаќање го одложил за период од 6 (шест) месеци од правосилноста на пресудата под услов обвинетите во тој период да не сторат нов прекршок, а доколку во периодот од 6 (шест) месеци од правосилноста на пресудата биде донесена правосилна одлука за нов или за порано сторен прекршок, изречените глоби ќе се извршат зголемени за 20 (дваесет) проценти, а доколку обвинетите не ги платат глобите и по добиената опомена, ќе се пристапи кон присилно извршување во согласност со чл.121 ст.2 од Законот за прекршоците. Изречените глоби, кои се ублажени со примена на чл.31 од Законот за прекршоците, по оценка на советот на овој суд се правилно одмерени, соодветни на сторената повреда на прописот и со истите ќе се постигнат целите на казнувањето во смисла на чл.32 од Кривичниот законик, како на планот на индивидуалната, така и на планот на генералната превенција.

Врз основа на чл.126 в.в. со чл.122 ст.1 т.6 и чл.123 ст.1 од Законот за прекршоците, обвинетите се задолжени да платат на име паушал на судот и тоа, правното лице износ од 3.000,00 денари и одговорното лице износ од 2.000,00 денари, во рок од 15 дена по приемот на пресудата, а под страв на присилно исполнување.

Со оглед на наведеното, а согласно чл.434 од ЗКП, в.в.чл.2 ст.2 од ЗП, се одлучи како во изреката на оваа пресуда.

Апелационен суд Скопје ПРКЖ-231/17 од 06.02.2019 година.

Записничар,
Стефанија Чапкуноска,с.р.

Претседател на советот-судија,
Гордана Сајковска с.р.